# **Gonorrhoea** - Patient information leaflet

**Клучни точки**

Гонорејата е сексуално преносклива инфекција (СПИ)
Лесно се пренесува од едно на друго лице за време на секс, вклучително и орален секс. Често не предизвикува никакви симптоми
Ако гонорејата не се лекува или не се лекува со соодветни антибиотици, може да предизвика сериозни долгорочни здравствени проблеми
Можете да се заштитите со СЕКОГАШ користење кондоми кога имате екс

## Што е гонореја?

- Гонорејата е СПИ. Таа е предизвикана од бактерија наречена Neisseria gonorrhoeae.

## Како добивате гонореја?

- Можете да заболите од гонореја кога имате секс со некој кој веќе ја има инфекцијата. Ова може да биде со вагинален секс, орален секс или анален секс.
- Инфекцијата е почеста кај младите луѓе, мажите кои имаат секс со мажи, луѓето кои често менуваат сексуални партнери и луѓето кои не користат кондоми за време на сексот.
- Дури и ако претходно сте имале гонореја, можете повторно да ја фатите

## Кои се симптомите на гонореја?

- 1 од 2 лица со гонореја инфекција во утробата/вагината и 1 од 10 лица со гонореја во пенисот немаат никакви симптоми кога се инфицирани. Инфекцијата во ректумот и грлото обично не предизвикува никакви симптоми.
- Најчести симптоми на вагинална инфекција се
  - o Промена на бојата или мирисот или количината на исцедок од вагината
  - o Крварење помеѓу менструации или потешки периоди
  - o чувство на печење при мокрење
  - o Може да има болка или непријатност во долниот дел на стомакот
- Најчести симптоми на инфекција на пенисот се
  - o Горење при мокрење
  - o Исцедок од крајот на пенисот
  - o Може да има болка или непријатност во тестисите

## Дали ми требаат тестови?

- Да, за поставување на дијагнозата потребен е примерок од пределот на гениталиите. Во некои места може да се користи уринарен тест. Можеби ќе ви требаат и брисеви од грлото и анусот.
- Доколку мислите дека сте биле во контакт со гонореја, или други инфекции, или имате симптоми кои би можеле да бидат гонореја, треба да го посетите вашиот матичен лекар или локалната клиника за сексуално здравје или венерологија/дерматологија.
- Лекарот или медицинската сестра специјалист ќе земе брис (примерок) од пенисот или грлото на матката (вратот на утробата) и ќе го испрати во лабораторија каде што ќе се тестира за бактеријата што предизвикува

- гонореја. Доколку сте имале орален или анален секс, задолжително информирајте го докторот за тоа бидејќи лекарот треба да земе и брисеви од грлото и анусот.
- Ако имате гонореја, треба да се тестирате и за други сексуално преносливи инфекции како што се ХИВ, сифилис и кламидија, бидејќи може да имате повеќе од една инфекција во исто време.

## Кој е третман за гонореја?

- Важно е да се прими третман за гонореја што е можно побрзо, бидејќи инфекцијата може да предизвика компликации и сериозни здравствени проблеми доколку не се лекува.
- Гонорејата се третира со еден, а понекогаш и два различни антибиотици, од кои едниот обично се дава како инјекција.
- Можеби ќе ви треба и третман за кламидија, бидејќи оваа инфекција е многу честа кај луѓето за кои е утврдено дека имаат гонореја.

## Дали треба да имам секс ако имам гонореја?

- Треба да избегнувате секаков секс, дури и со кондом, се додека вие и вашиот партнер(и) не го завршите целиот третман и не исчезнат симптомите.

## Кои се можните компликации на гонореја?

- Гонорејата веројатно нема да доведе до долгорочни проблеми доколку брзо се лекува. Сепак, без третман, гонорејата може да се прошири на други делови од вашето тело и да предизвика сериозни проблеми.
- Жените може да развијат пелвична инфламаторна болест (ПИД). Ова може да предизвика абдоминална и карлична болка. Исто така, може да доведе до неплодност и ектопична бременост (бременост што се јавува надвор од матката). Мажите може да развијат болна инфекција во нивните тестиси.
- Во ретки случаи, кога гонорејата не се лекува, може да се прошири низ крвотокот за да предизвика инфекции на други делови од вашето тело, како што се кожата и зглобовите.

## Гонореја и бременост

- Ако сте бремени, гонореата може да се пренесе од вас на вашето бебе за време на раѓањето. Ова може да доведе до инфекција на нивните очи (конјунктивитис), што може да доведе до слепило доколку не се лекува.

## Дали треба да му кажам на мојот партнер?

- Ако навистина имате гонореја, неопходно е вашиот сегашен сексуален партнер(и) и кој било друг сексуален партнер што сте го имале во последните два месеци, да бидат тестирани и третирани.
- Ова е за да спречите повторно да ја добиете инфекцијата, а исто така и за вашите партнери да не развијат компликации.

## Дополнителна помош и информации

Copyright © IUSTI 2024 

- Доколку се сомневате дека имате гонореја или некоја друга сексуално преносилива инфекција, тогаш посетете го вашиот матичен лекар или локалната клиника за сексуално здравје или венерологија/дерматологија.

Copyright © IUSTI 2024
Date of publication: 2024 Website: http://www.iusti.org/